**2016221024**

## ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 6 став 1 од Законот за меѓународни рестриктивни мерки („Службен весник на Република Македонија” бр.36/11), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 21.12.2016 година, донесе

# ОДЛУКА ЗА ВОВЕДУВАЊЕ НА РЕСТРИКТИВНИТЕ МЕРКИ СОГЛАСНО ОДЛУКАТА ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ (ЗНБП) 2016/1694 НА СОВЕТОТ ОД 20 СЕПТЕМВРИ 2016 ГОДИНА ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ОДЛУКА (ЗНБП) 2015/1333 ЗА РЕСТРИКТИВНИ МЕРКИ ВО ОДНОС НА СОСТОЈБАТА ВО ЛИБИЈА

Член 1

Со оваа одлука се воведуваат рестриктивните мерки согласно Одлуката за спроведување (ЗНБП) 2016/1694 на Советот од 20 септември 2016 година за спроведување на Одлука (ЗНБП) 2015/1333 за рестриктивни мерки во однос на состојбата во Либија.

Член 2

Оваа одлука се однесува на следниве видови рестриктивни мерки:
- ембарго на оружје,
- ембарго на стоки и услуги,
- финансиски мерки и
- забрана за влез во Република Македонија.

Член 3

Се определуваат Министерство за транспорт и врски, Министерство за внатрешни работи, Министерство за одбрана, Министерство за економија, Министерство за финансии - Управата за финансиско разузнавање и Министерство за надворешни работи за надлежни органи за спроведување на рестриктивните мерки.

Член 4

Надлежните органи од член 3 од оваа одлука вршат надзор над спроведувањето на рестриктивните мерки.

Член 5

Спроведувањето на рестриктивните мерки се врши на начин утврден со Одлуката за спроведување (ЗНБП) 2016/1694 на Советот од 20 септември 2016 година за спроведување на Одлука (ЗНБП) 2015/1333 за рестриктивни мерки во однос на состојбата во Либија.

Член 6

Одлуката за спроведување (ЗНБП) 2016/1694 на Советот од 20 септември 2016 година за спроведување на Одлука (ЗНБП) 2015/1333 за рестриктивни мерки во однос на состојбата во Либија, во оригинал на англиски и во превод на македонски јазик е дадена во прилог на оваа одлука и е нејзин составен дел.

Член 7

Рестриктивните мерки кон Либија се воведуваат на неодредено време.

Член 8

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”.

Бр. 42-8839/1
21 декември 2016 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Владимир Пешевски**, с.р.

21.9.2016 EN Official Journal of the European Union L 255/33

# COUNCIL IMPLEMENTING DECISION (CFSP) 2016/1694

## of 20 September 2016

## implementing Decision (CFSP) 2015/1333 concerning restrictive measures in view of the situation in Libya

THE COUNCIL OF THE EUROPEAN UNION,

Having regard to the Treaty on European Union, and in particular Article 31(2) thereof,

Having regard to Council Decision (CFSP) 2015/1333 of 31 July 2015 concerning restrictive measures in view of the situation in Libya and repealing Decision 2011/137/CFSP ([1]), and in particular Article 13(2) thereof,

Having regard to the proposal from the High Representative of the Union for Foreign Affairs and Security Policy,

Whereas:

(1) On 31 July 2015, the Council adopted Decision (CFSP) 2015/1333.

(2) In accordance with Decision (CFSP) 2015/1333, the Council has carried out a complete review of the lists of persons and entities set out in Annexes II and IV to that Decision.

(3) One person should be removed from the list of natural persons subject to restrictive measures as set out in Section A of Annexes II and IV to Decision (CFSP) 2015/1333.

(4) Annexes II and IV to Decision (CFSP) 2015/1333 should therefore be amended accordingly,

HAS ADOPTED THIS DECISION:

*Article 1*

Annexes II and IV to Decision (CFSP) 2015/1333 are hereby amended as set out in the Annex to this Decision.

*Article 2*

This Decision shall enter into force on the day following that of its publication in the *Official Journal of the European Union*.

Done at Brussels, 20 September 2016.

*For the Council*

*The President*

I. KORČOK

---

([1]) OJ L 206, 1.8.2015, p. 34.

L 255/34 EN Official Journal of the European Union 21.9.2016

*ANNEX*

I. The name of the following person and the related entry are deleted from the list set out in Section A of Annex II to Decision (CFSP) 2015/1333:

A. Persons

| | |
|---|---|
| 15. | Colonel Taher JUWADI |

II. The name of the following person and the related entry are deleted from the list set out in Section A of Annex IV to Decision (CFSP) 2015/1333:

A. Persons

| | |
|---|---|
| 15. | Colonel Taher JUWADI |

# ОДЛУКА ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ (ЗНБП) 2016/1694 НА СОВЕТОТ

**од 20 септември 2016 година**

**за спроведување на Одлука (ЗНБП) 2015/1333 за рестриктивни мерки во однос на состојбата во Либија**

СОВЕТОТ НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА,

имајќи го предвид Договорот за Европската унија, а особено член 31(2) од истиот,

имајќи ја предвид Одлука (ЗНБП) 2015/1333 на Советот од 31 јули 2015 година за рестриктивни мерки во однос на состојбата во Либија и за укинување на Одлука 2011/137/ЗНБП ([1]), а особено член 13(2) од истата,

имајќи го предвид предлогот од Високиот претставник на Унијата за надворешни работи и безбедносна политика,

со оглед на тоа што:

(1) На 31 јули 2015 година, Советот ја донесе Одлука (ЗНБП) 2015/1333.

(2) Во согласност со Одлука (ЗНБП) 2015/1333, Советот во целост ги прегледа списоците на лица и субјекти утврдени во Анекси II и IV кон таа одлука.

(3) Едно лице треба да се отстрани од списокот на физички лица кои подлежат на рестриктивни мерки како што е утврдено во Анекси II и IV кон Одлука (ЗНБП) 2015/1333.

(4) Затоа, Анекси II и IV кон Одлука (ЗНБП) 2015/1333 треба соодветно да се изменат,

ЈА ДОНЕСЕ ОВАА ОДЛУКА:

*Член 1*

Анекси II и IV кон Одлука (ЗНБП) 2015/1333 се изменуваат како што е утврдено во анексот кон оваа одлука.

*Член 2*

Оваа одлука влегува во сила на денот по нејзиното објавување во *Службениот весник на Европската Унија*.

Брисел, 20 септември 2016 година.

*За Советот*

*Претседател*

И. КОРЧОК

[1] Сл. весник L 206, 1.8.2015 година, стр. 34.

АНЕКС

I. Името на следното лице и поврзаниот внес се бришат од списокот утврден во Оддел А од Анекс II кон Одлука (ЗНБП) 2015/1333:

А. Лица

| | |
|---|---|
| 15. | Полковник Taher JUWADI |

II. Името на следното лице и поврзаниот внес се бришат од списокот утврден во Оддел А од Анекс IV кон Одлука (ЗНБП) 2015/1333:

А. Лица

| | |
|---|---|
| 15. | Полковник Taher JUWADI |